РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државно средно училиште - Регионален центар за стручно образование и обука
„КОЛЕ НЕХТЕНИН“, Штип
Бр. 04-519/1
11.08 2026 год.

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Сл.Весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16 и бр.11/18 и Сл.Весник на Република Северна Македонија бр. 275/2019, 14/20, 215/2021 и 99/2022), Правилникот за систематизација на работните места во ДСУ-РЦСОО „Коле Нехтенин“ Штип бр.0101-386/1 од 21.05.2026 година, а во врска со објавениот оглас за вработување во ДСУ-РЦСОО „Коле Нехтенин“ Штип број 418/2026 и Предлогот бр.10-1612/9 од 06.08.2026 година за вработување на кандидати по Јавен оглас, директорот на ДСУ-РЦСОО „Коле Нехтенин“ Штип ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат за работно место Советник за нормативно правни работи (Секретар), административна служба во ДСУ-РЦСОО „Коле Нехтенин“ Штип, по јавен оглас 418/2026

1. За извршител на работно место Советник за нормативно правни работи (Секретар), административна служба со шифра ОБН0102В01001, по Јавен оглас 418/2026 **се избира** кандидатот **Јасмина Нофитова**, со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 64.15;
2. Решение за вработување на избраниот кандидат ќе се донесе по конечноста на оваа Одлука;
3. Оваа Одлука ќе се објави на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација и ќе се достави до избраниот кандидат.

## Образложение

На ден 23.06.2026 година, на интернет страната на Агенција за администрација и во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“, за потребите на ДСУ-РЦСОО „Коле Нехтенин“ Штип објавен е Јавен оглас број 418/2026 за пополнување на работно место Советник за нормативно правни работи (Секретар), административна служба, со шифра ОБН0102В01001.

Со Решение број 10-1612/3 од 01.07.2026 година формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас,

со Решение број 10-1612/5 од 29.07.2026 година извршено е изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас.

Согласно Законот за административни службеници и Уредбата за спроведување на постапка за вработување на административни службеници, се спроведе постапка за вработување утврдена со Записник бр.10-1612/4 од

08.07.2026 година од извршената административна селекција за административен службеник, Записник бр.10-1612/7 од 30.07.2026 година од спроведениот испит за административен службеник и Записник бр.10-1612/8 од 05.08.2026 година од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник.

По спроведената постапка, Комисијата за селекција изготви конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и достави Предлог со бр.10-1612/9 од 06.08.2026 година за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.418/2026 до ДСУ-РЦСОО„Коле Нехтенин" Штип за работно место Советник за нормативно правни работи (Секретар), административна служба со шифра ОБН0102В01001 каде го предложи кандидатот **Јасмина Нофитова** (ид Код С0С149Е), со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 64.15.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници, Директорот на ДСУ-РЦСОО „Коле Нехтенин" Штип по разгледување на приложената конечна ранг листа и доставениот предлог за вработување одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на интернет страницата и на огласната табла на Агенција за администрација.

**ДСУ-РЦСОО „Коле Нехтенин" Штип**
**Директор**
**Јованка Шалева**

ЈШалева

Република Северна Македонија
Државно средно училиште - регионален центар за стручно образование и обука
„КОЛЕ НЕХТЕНИН" * ШТИП *